

Во светот на висока меѓузависност и поврзаност на различни актери, вмрежувањето и партнерството стануваат едни од најупотребуваните термини и вистински тренд во последно време.

Мрежата и партнерството всушност се средство кое ги поврзува луѓето и организациите, ја подобрува комуникацијата и соработката меѓу оние кои делат иста визија, вредности или цел. Основна цел е размена на информации и остварување заеднички активности на инаку независни организации. Вмрежувањето и партнерството не е цел само за себе, туку во основата има остварување на идеи, цели и интереси кои се заеднички за организациите.

Во вмрежувањето и партнерствата успехот се должи на неколку принципи: партиципативност, репрезентативност, делегирање, долгорочни цели и планирање, синхронизирање на активностите на организациите и финансиска стабилност (споделување на трошоците).

Обуката ќе ви овозможи да ја разберете важноста од градење партнерства, коалиции и мрежи за успешна работа и поддршка, да ги дознаете основите на вмрежувањето, предностите и недостатоците, типовите и структурите на мрежите, да дознаете како да раководите со врските (релациите) и како да ги капитализирате.

**Содржина**

**Основи за коалиции и мрежи**

- Концепциски појаснувања и дефиниции;

- Типови и структури (пример: чадор организации наспроти мрежи, формални наспроти неформални);

- Разлики меѓу соработка и партнерство (пример: краткорочно наспроти долгорочно);

- Предности и недостатоци;

**Чекори во градењето коалиции и мрежи**

- Анализа на засегнати страни (дефинирање на клучните засегнати страни, институционална анализа);

- Анализа на проблеми (дефинирање на главните прашања/полиња на активности);

- Матрица на соработка и опфатеност;

- Поставување цели и стратегии за мрежите (дефинирање на мисијата, визијата и целите, принципите и поставување настратегијата за мрежата);

- Воспоставување на структури и координативни механизми (вклучувајќи членство и финансиски прашања и процедури);

- Воспоставување на комуникациски механизми (пример: електронско вмрежување итн.);

**Преглед на вмрежувањето на национално ниво**

- Ефективност на мрежите;

- Најдобри практики.